**Проект: „Промоција на заеднички вредности низ Европа“**

**Проектен прирачник**

**август, 2021**

**Финансирано од:**

European Commission

## Содржина

**„Заеднички вредности”** 1
**Партнери** 2
**Воведни настани** 6
Унгарија 6
Локален настан во Сегед 6
Локален настан во Печ 6
Локален настан во Будимпешта 7
Косово 8
Локален настан во Приштина 8
Северна Македонија 9
Локален промотивен настан 9
Романија 10
Локален промотивен настан во Клуж-Напока 10
Локален промотивен настан во Константа 12
**Јавни дебати** 14
**Унгарија** 14
Европа и ние – Заедница на споделени вредности, референтна точка или нешто друго? 14
Годишна конференција за одбележување на Меѓународниот ден за антикорупција 15
Можности за борба против корупција во Европската унија 16
**Косово** 17
Спроведување на агендата на ЕУ за одржлив развој – Предизвик за Косово 17
**Северна Македонија** 18
Јавна дебата 18
**Романија** 19
Јавна дебата во Клуж-Напока 19
Јавна дебата во Константа 21
**Есејски/фото конкурс** 22
Унгарија 22
Конкурс со инфографици 22
Косово 23
Доделени награди за најдобар есеј на тема „Како може да се трошат фондовите на ЕУ во корист на заедницата во која живеете?“ 23
Романија 24
Натпревар во јавно говорење за млади 24

Северна Македонија ....................................................................................................................................27
Победници на фото конкурс ....................................................................................................................27
**Тури со водичи** ....................................................................................................................................29
Унгарија ....................................................................................................................................29
Виртуелна тура со Ákos Hadházy ....................................................................................................................................29
Виртуелна тура во Печ ....................................................................................................................................30
Виртуелна тура во Сегед ....................................................................................................................................31
**Косово** ....................................................................................................................................33
КДИ организираше посета на шест локалитети во Липјан и Митровица каде се спроведени проекти финансирани од ЕУ ....................................................................................................................................33
Северна Македонија ....................................................................................................................................34
Онлајн тура ....................................................................................................................................34
Романија ....................................................................................................................................36
Ловење на архитектонско богатство ....................................................................................................................................36
**Меѓународна акција** ....................................................................................................................................38
**Меѓународна работилница** ....................................................................................................................................39
Лажни вести за време на COVID-19 – Како дезинформациите ги поткопуваат вредностите на ЕУ и што можат да направат невладините организации за да ги спречат? ....................................................................................................................................39
**Истражување** ....................................................................................................................................41
Истражување за заеднички европски вредности ....................................................................................................................................41
Церемонија на затворање на проектот ....................................................................................................................................43
Унгарија ....................................................................................................................................44
Преглед на членството на Унгарија во ЕУ: дебата помеѓу поранешните еврокомесари László Andor и Tibor Navracsics ....................................................................................................................................44
**Косово** ....................................................................................................................................45
Завршен настан на проектот во Приштина ....................................................................................................................................45
Северна Македонија ....................................................................................................................................47
Зајакнување на судството во борбата против корупцијата, 11 јуни 2021 година ....................................................................................................................................47
Романија ....................................................................................................................................48
**Завршен настан** ....................................................................................................................................48

## „Заеднички вредности”

Основната цел на проектот е да се промовираат европските вредности како што се владеењето на правото, демократија, транспарентност, слобода на медиумите, еднаквост и солидарност помеѓу Источно - европските земји и кандидатските земји.

Дополнително, проектот се обиде да ја поттикне вклученоста на граѓаните во демократските процеси на локално, национално и меѓународно ниво. Ставот на граѓаните е важен како и потребата да бидат прашани граѓаните за нивниот став кон ЕУ и нејзините вредности, но исто така и да ги идентификуваат предизвиците, и по можност решенијата.

Овие цели беа остварени преку спроведување на интерактивни дебати коишто истражуваа теми поврзани со ЕУ како ЕУ фондови, одржливост, иднината на ЕУ, ставот на граѓаните кон членство во ЕУ и европските вредности и алатките за активно граѓанство.

Проектот го зајакна разбирањето на граѓаните на ЕУ како заедница на споделени вредности, и даде посебно внимание на активната вклученост на граѓаните преку тури со водичи и натпревари. Преку овие активности, целта беше да се вклучат граѓаните и да се поттикне креативниот процес на мислење за предизвиците на ЕУ и како да се пронајдат решенија. Понатаму, беа спроведени квизови во живо како и онлајн анкета за ЕУ предизвиците и визијата на ЕУ.

## Партнери

**Транспаренси Интернешнл Унгарија**

**Közös értékeink - Transparency International Magyarország**

Фондацијата Транспаренси Интернешнл Унгарија е регистрирана во октомври 2006 година, се стекна со статус „ огранок во оформување“ на Транспаренси Интернешнл во мај 2007 година, станувајќи целосна членка на Транспаренси Интернешнл во 2009 година.

Целта на организацијата како независна, професионална организација е да допринесе во спречување на корупцијата, промовирање на транспарентност и отчетност во јавната сфера на донесувањето на одлуки, како и распределба на јавните средства и подобрување на пристапноста кон информациите од јавен карактер.

ТИ – Унгарија беше координатор на проектот во кој беа организирани 12 настани со повеќе од 600 регистрирани учесници. Настаните овозможија да бидат дискутирани прашања поврзани со улогата, вредностите и иднината на Европската унија.

Неколку познати политичари и академици ги споделија своите искуства и ставови на прашања како што се буџетот на ЕУ, медиумската слобода, владеење на правото, европскиот идентитет, активностите на организациите на ЕУ во борбата против корупцијата и борбата против лажните вести во контекст на пандемијата.

Виртуелните тури за корупција беа одржани на три локации поради пандемијата. Вклученоста на учесниците беше важен елемент на секоја активност, со дебати, квизови, и онлајн игри на крај од презентациите што им овозможи на учесниците да бидат вклучени. За време на проектот, беше организиран натпревар со инфографици за постигнувањата преку пристапувањето во ЕУ.

**Експертски форум – Експертски форум Романија** **https://expertforum.ro/**

Експертскиот форум е тинк тенк во Букурешт основан од четири добро познати експерти за јавна политика и владини реформи. Главните области на организацијата вклучуваат административни реформи и интегритет на јавниот сектор, децентрализација, регионален развој, јавно финансирање, судски и анти-корупциски реформи, енергетска политика и политика за транспорт. Членовите на Експертски форум се вклучени во најважните евалуации на институционални реформи во јавната администрација и го имаат анализирано процесот на политики во последните години во Романија и соседните држави (особено во Западен Балкан и Молдавија), во соработка со Европската комисија, Советот на Европа, Светска Банка, и Програмата за развој на Обединетите Нации. Организацијата има поддршка од меѓународни донатори за да промовира транспарентност и добро владеење во Романија и регионот, како и да го следи соодветното и транспарентно користење на јавниот буџет. Експертскиот форум исто така е членка на Иницијативата за отворено владино партнерство којашто ги поддржува владите во обезбедување на зајакната транспарентност за информации од јавен интерес.

За време на проектот, Експертскиот форум го искористи претходното искуство во вклучување на граѓаните на локално ниво за поддршка на демократското вклучување на граѓаните во два градови во Романија (Клуж и Константа). Со поддршка од локалните партнери, Експертскиот форум вклучи локални граѓани во дебати за приоритети на локално ниво како што се важноста на транспарентноста во јавните институции, урбаната мобилност и енергетската ефикасност. Експертскиот форум исто така ги искористи натпреварите во јавно говорење за прашања за важноста за младите луѓе на локално ниво за промовирање на европски вредности и вклучување во јавноста.

**Транспаренси Интернешнл Македонија [https://transparency.mk/](https://transparency.mk/)**

Транспаренси Интернешнл Македонија е формирана во декември 2006 година. Уште од своето постоење, ТИ-Македонија има видливо влијание во креирањето на анти-корупциски политики и развивање на доброто владеење врз основа на транспарентност, отчетност и одговорност.

На почетокот од 2011 година, Транспарентност Нулта Корупција доби акредитација како целосна членка на глобалната коалиција против корупција Транспаренси Интернешнл и го промени своето име во Транспаренси Интернешнл Македонија.

Организацијата стана референтна точка за медиумите и другите активисти коишто работат на тема антикоруцпија и отчетност во Република Македонија и пошироко. Напредокот во борбата против корупцијата е видлив преку зголемена транспарентност, донесено законодавство и нивото на свесност кај граѓаните. ТИ-М беше проектен партнер во овој проект.

Во рамки на проектот ТИ-М организираше еден воведен настан со учесници од висок ранг, две јавни дебати и презентација на можностите коишто се нудат со фондовите на ЕУ. На овие настани учествуваа повеќе од 200 учесници.

ТИ-М исто така организираше фото конкурс – натпревар во фотографии на којшто беа одбрани три победнички фотографии.

**Косово - Демократски Институт https://kdi-kosova.org/en/**

Косово Демократскиот Институт е формиран на 14 април, 2005 година како невладина организација по иницијатива на локалниот персонал на НДИ преку програмите за граѓанска вклученост со мисија за поддршка на развојот на демократијата преку вклученост на мажите и жените во процесот на донесување на одлуки и преку подобрување на транспарентноста и отчетноста на јавните институции.

Како огранок на антикорупциската организација Транспаренси Интернешнл, КДИ допринесува кон општество слободно од корупција каде што институциите, бизнис секторот и граѓаните ги остваруваат своите права и улоги со интегритет и достоинство.

Во текот на изминатите 15 години, КДИ разви посебен идентитет и портфолио како една од најактивните, кредибилни и влијателни граѓански организации во Косово. КДИ е добро позната во јавноста преку спроведување на различен спектар на активности – од надзор на собранието, набљудување на изборите и изборните промени до влијание на доброто владеење и политики, промовирање и барање на институционална транспарентност, интегритет и отчетност, преглед на процесите за јавни набавки, зајакнување на младите и вклучување на жените во политичките процеси.

Во овој проект, КДИ беше вклучена како проектен партнер. Во рамки на проектот КДИ организираше четири јавни активности и еден натпревар во есеј со приближно 200 учесници вклучени во овие активности. Неколку клучни ЕУ експерти за политики, претставници на граѓански организации и студенти ги споделија своите ставови за вредности на ЕУ како што се владеење на правото, демократија, транспарентност, медиумска слобода, еднаквост и солидарност, активна вклученост на граѓаните посебно младите луѓе, проширување на знаењето на граѓаните за правата и одговорностите коишто произлегуваат со членство во ЕУ и дискусија за иднината на Европа.

КДИ организираше и посета со претставници на граѓанското општество и студенти во 6 локалитети во два градови во Косово каде што беа спроведени два проекти финансирани од ЕУ. За време на проектот беше спроведен натпревар во есеј на тема како можат ЕУ фондовите да бидат искористени во корист на заедницата.

## Воведни настани

Унгарија

### Локален настан во Сегед

На 29 септември Транспаренси Интернешнл Унгарија и Асоцијацијата за истражување – Хоризонт Слобода (Horizont Szabadságkutató Egyesület) заеднички организираа настан на тема *Дали новиот ЕУ буџет е во корист за Унгарија?* Каде што експерт од Транспаренси Интернешнл и предавачи од Универзитетот во Сегед дискутираа за новиот буџет на ЕУ одобрен во лето 2020 од неколку аспекти. Учесниците имаа можност да научат повеќе за домашниот и меѓународниот политички контекст за одобрување на буџетот и неговите економските импликации како што се Фондот за подобрување (Recovery Fund) кој има за цел да помогне со последиците од пандемијата со корона вирусот или за рестрикција на ЕУ фондовите за одржување на владеење на правото.

Следствено на дискусијата на тркалезната маса беше организиран и квиз на тема на ЕУ. Прашањата беа од различен вид, а дел од нив бараа знаење за Европа и за Европската унија. Четирите натпреварувачки тимови на крајот од натпреварот имаа слични резултати. Победничкиот тим составен од пет локални млади луѓе доби подарок од ТИ-Унгарија.



### Локален настан во Печ

Настанот во Печ кој беше организиран онлајн на 30 септември ја адресираше ситуацијата со слободата на медиумите во Унгарија. Gábor Polyák, вонреден професор во Одделот за комуникација и студии за медиуми на Универзитетот во Печ, Attila Babos, Главен и одговорен уредник во Сабад Печ и József Péter Martin, извршен директор на Транспаренси Интернешнл Унгарија ги дискутираа најважните аспекти во врска со медиумите и владеењето на правото во Унгарија.

Унгарските медиуми имаа предизвици во врска со слободата на медиумите долго време, но со намалувањето на независните медиуми од 2010 година и зголемувањето на медиуми контролирани од државата од 2014 година, притисокот на медиумите достигна нов степен. Според Gábor Polyák, главното обележје на овие случувања е концентрирано владино рекламирање, со воведување на мерки коишто ги спречуваат независните медиуми. Во резимето на Polyák во врска со новите медиуми „ова е совршен систем за уништување на позициите на пазарот". Тој исто така посочи дека јавните средства се огромен извор на финансирање на медиумите, и независните медиуми повеќе не можат да опстојат.

Според Attila Babos, 2010 година не е година кога слободата на медиумите заврши, туку исто така година кога нивната слобода навистина почна да пропаѓа и да исчезнува од 2014 година. Тој додаде дека периодот помеѓу есента во 2016 година и пролетта во 2018 година имаше клучна улога во уништувањето на слободните медиуми, поради тоа што ова беше период на затворањето на големиот лево ориентиран унгарски весник Népszabadság како и кога беа преземени окружните весници.

József Péter Martin посочи дека иако слободата на медиумите и степенот на корупција е тешко да се измерат, заедно се поврзани. Во врска со плановите за иднината, Gábor Polyák ја акцентираше важноста на ширењето на „културата на претплата" (subscription culture), додека József Péter Martin рече дека е охрабрен да ги види критиките во врска со состојбата на унгарските медиуми во Извештајот на ЕУ за владеење на правото.

## Локален настан во Будимпешта

Серијата настани започна на 1 октомври во Будимпешта, а дискусијата беше одржана во Tranzit Art Café помеѓу Katalin Cseh (MEP, Momentum Movement, Renew Europe) и Balázs Orbán (Стратешки секретар во кабинетот на унгарскиот премиер), во врска со новиот буџет на ЕУ и владеење на правото. Дискусијата беше модерирана од József Péter Martin, извршен директор на Транспаренси Интернешнл Унгарија.

Иако имаше одреден договор помеѓу двете страни кога станува збор за новиот буџет на ЕУ и неговите позитивни својства и за Унгарија и за европската заедница во целина, разликите во темите за владеење на правото и корупција се покажаа како непомирливи. Balázs Orbán аргументираше дека институциите на ЕУ се повеќе заинтересирани да бараат примена на политички идеологии отколку владеење на правото во Унгарија.

Од друга страна, Katalin Cseh посочи дека нема да има потреба за грижење за испитување на состојбата на владеењето на правото, или за приклучување кон Европското јавно обвинителство, ако сè е во ред во земјата. Дискусијата, исто така, откри дека двајцата учесници имаат сосема различни ставови за прашањето за слободата на медиумите во Унгарија.

Транспаренси Интернешнл Унгарија смета дека создавањето на овие значајни дискусии за сериозни прашања е големо достигнување, со надеж дека заживувањето на опаѓачката дебатна култура во Унгарија ќе трае.



# Косово

## Локален настан во Приштина

На крајот од септември КДИ официјално го започна проектот „Промовирање на заеднички европски вредности финансиран од програмата на Европската комисија „Европа за граѓаните“. Иако беше планирано да биде јавна активност со физичко присуство на учесниците, започнувањето на проектот беше организирано во онлајн формат поради ситуацијата со Covid-19. Околу 50 учесници беа дел од оваа дискусија.

Во онлајн дискусијата со младите, професорката за Европска интеграција на Универзитетот во Приштина Jehona Lushaku – Sadriu, и предавачот на Правниот факултет Artan Murati зборуваа за позицијата на Косово во врска со евро-интеграцискиот процес каде што покрај другите работи ја потенцираа важноста на започнување на реформите за евро-интеграцискиот процес на Косово и потребата за посериозен пристап на институциите во Косово за овој процес.

Зборувајќи за европските заеднички вредности, во однос на политичките критериуми, беше спомената потребата за функционирање на принципите на демократија во институциите и политичките партии, додека од економски аспект беше споменато дека има потреба да се изградат односите на Косово со сите европски иницијативи и да се искористат фондовите од ЕУ.

Учесниците од граѓанското општество и студентите од друга страна ги изразија своите ставови во врска со тоа каде е позиционирана Косово во врска со прифаќањето на европските вредности, и нееднаквиот пристап на ЕУ кон Косово во врска со процесот на либерализација на визи.

# Северна Македонија

## Локален промотивен настан




На 21 октомври беше одржан промотивен настан за проектот. Говорници на настанот беа: г-ѓа Слаѓана Тасева, Претседателка на Транспаренси Интернешнл Македонија, Н.Е. г-дин Никола Димитров, Заменик - претседател на Владата задолжен за европски прашања, Н.Е. г-дин  Дејвид Гир, Амбасадор на Делегацијата на Европската унија во Р.С. Македонија, и Н.Е. Анке Холштајн, Амбасадорка на Германија во Р.С. Македонија.

Настанот беше отворен од Претседателката на ТИ-Македонија Слаѓана Тасева којашто даде општ преглед на проектот, целите и резултатите, и активностите коишто ќе се имплементираат.

За делот наменет за дискусија, беа поканети говорници од висок ранг коишто се вклучени во процесот на ЕУ интеграција. Тие дадоа преглед на ситуацијата во Европската унија, процесот на пристапување на нови држави и пристапувањето и процесот на преговори со Македонија.

Вкупниот број на учесници беше 39, најмногу од различни државни институции и организации.




## Романија

### Локален промотивен настан во Клуж-Напока



Експертскиот форум заедно со локален партнер од Клуж-Напока, Центар за проучување на демократијата (CSD) одржаа онлајн дебата на 25 ноември 2020 година со претставници од локалната администрација во Клуж-Напока за насоките за развој на градот во наредните години. Со локалните избори во септември 2020 година, дебатата беше одлична можност да се дискутираат приоритетите на новата локална администрација во врска со користење на фондовите на ЕУ за подобрување на дигитализацијата, мобилноста, урбаниот развој и транспортот.

Учесници: локални граѓани, претставници на НВО, јавни институции, студенти

Говорници: Ovidiu Câmpean, Менаџер во Градското собрание на Клуж-Напока, Adriana Cristian, локална советничка, USR Plus Party, Клуж-Напока, Ovidiu Vaida, локален советник, Национална либерална партија, Клуж-Напока, Vasile Dâncu, Претседател на Националниот совет на Социјалдемократската партија, модератор Laura Ștefan, извршна директорка, Експертски форум



## Локален промотивен настан во Константа




На 8 април 2021 година, студенти по новинарство од Универзитетот Овидиус во Константа учествуваа на настанот со наслов „Дали знаеме што не знаеме? Како јавните податоци да бидат транспарентни за да излеземе од маглата?“. Настанот се одржа онлајн и се дискутираше за важноста за транспарентноста и пристапот до јавни информации за новинарите и граѓаните. Septimius Pârvu и Cezara Grama од Експертски Форум ги презентираа заклучоците на две студии на случаи за пристап до јавни информации – политичко финансирање и санкции од страна на полицијата за време на COVID-19 карантинот.

На тема на политичко финансирање Septimius Pârvu, објасни како процесот на финансирање на политичките партии се изменил во последните години во Романија. Во овој момент, во Романија не е возможно да се дискутира за отворен систем за мониторинг на податоци за финансирање на политички партии. Не постои вистинска транспарентност, поголемиот дел од документите се во excel формат или скенирани во PDF формат, често нејасни и неточни. Како и да е, ситуацијата е подобра во споредба со периодот пред 2015 година, поради тоа што повеќе информации почнаа да се објавуваат.

Добра практика во оваа смисла е платформата развиена од Експертски Форум - www.banipartide.ro, платформа којашто го мониторира финансирањето на партиите и изборните кампањи и на која се објавуваат месечни извештаи. Достапните информации ги вклучуваат оние што се однесуваат на сите приходи и расходи на партиите во 2020 година, но и имињата на физичките и правните лица кои донирале суми на партијата во периодот 2006-2020 година. Информациите се структурирани во графикони за да бидат попрегледни и поразбирливи. Cezara Grama зборуваше за мониторингот што Експертски форум го спроведе минатата година за време на кризна состојба во врска со санкциите коишто беа воведени од полицијата на Романија и жандармеријата. Еден од заклучоците беше дека не

постои јасен податок на бројот на казни коишто биле дадени и на бројот на предупредувања, туку само вкупен број на дадените санкции. По барањето пристап до оваа информација до полицијата и одбиеното барање поради тоа што не е податок којшто го има полицијата, EFOR покрена стратешка постапка во сите 42 трибунали низ земјата со цел да се воспостави унитарна практика во врска со пристапот до информации од јавен карактер.

Студентите и говорниците дебатираа за потребата за зголемување на транспарентноста во јавните институции и за тоа како граѓаните можат да ги искористат овие алатки.

Учесници: студенти по новинарство на Универзитетот Овидиус во Константа и професори

Говорници: Cezara Grama, експерт за владеење на правото, EFOR и Septimius Pârvu, експерт за избори, EFOR.



# Јавни дебати

## Унгарија

Европа и ние – Заедница на споделени вредности, референтна точка или нешто друго?




Онлајн презентацијата со наслов *Европа и ние – Заедница на споделени вредности, референтна точка или нешто друго?* беше одржана на 25 ноември, заедно со дискусија на тркалезна маса. Во воведниот говор, István György Tóth, извршниот директор на фирмата за анкети TÁRKI, се осврна на тоа како мислат Унгарците за Европската унија и за Европа воопшто. Според истражувањата на Евробарометар, европскиот идентитет на унгарската популација и нивната поддршка за ЕУ е релативно силна.

Дополнително, процентот на оние кои мислат дека државата дејствува во нивен интерес е значително зголемен по падот на комунизмот во Унгарија. Сепак, многумина сè уште мислат дека гласањето не е особено важно, бидејќи изборите не го претставуваат интересот на гласачите. István György Tóth смета дека во „конкуренција на системи“, либералните системи се секогаш поефикасни на долг рок отколку авторитарните системи и дека „проверките и балансите“ се суштински делови на општото добро и предуслови за слобода, конкуренција и просперитет.

По воведниот говор, панел експерти го разгледаа односот на унгарското општество со Европа и ЕУ од неколку аспекти. Gábor Filippov, директор за истражување на Институтот Equilibrium, го иницираше разговорот велејќи дека Унгарците сметаат дека ЕУ и Европа се неразделни од идеите за западна интеграција, развој, транспарентна фискална политика и намалување на јавниот долг. Според Krisztina Arató, професорка на Универзитетот ЕЛТЕ и

претседателка на Унгарската асоцијација за политички науки, комуникацијата на унгарската влада е насочена кон Брисел, а не кон ЕУ, бидејќи ЕУ е стабилна институција во која луѓето веруваат. Според неа, унгарскиот и европскиот идентитет не се меѓусебно одвоени.

József Péter Martin, извршен директор на Транспаренси Интернешнл Унгарија, размислуваше за можните причини зад значајното подобрување на перцепцијата на Унгарија за Европската унија. Тој смета дека позитивната промена на перцепцијата во однос на корисноста од ЕУ можеби се случила затоа што Унгарците чувствуваат големо чувство на блискост со западниот свет. Огромното мнозинство од унгарското население се идентификува како европско, но сепак, најодлучувачкото објаснување е економскиот фактор.

На прашањето зошто ЕУ е корисна за Унгарците, генералниот одговор беше дека создава работни места, помага да се обезбеди раст и да се постигне повисок животен стандард - ретко се споменуваа аспекти како што се мирот, соработката или политичката слобода.

## Годишна конференција за одбележување на Меѓународниот ден за антикорупција




Транспаренси Интернешнл Унгарија ја одржа својата годишна конференција одбележувајќи го Меѓународниот ден за антикорупција на 9 декември. За жал, поради вирусот само говорниците беа во можност да присуствуваат во живо, но сите останати можеа да се придружат преку Zoom или Facebook.

Првиот дел од конференцијата прикажа како Групата на држави против корупција (GRECO) која е антикорупциско тело за мониторинг на Советот на Европа, како и разни други субјекти на ЕУ, како неодамна формираното Европско јавно обвинителство, може да

помогне во борбата против корупцијата во одделни земји како Унгарија. Говорници во првиот дел беа Marin Mrčela, Претседател на GRECO, и Ákos Hadházy, независен унгарски пратеник. По нивните презентации, панел експертите ги анализираа улогите и потенцијалите на Европското јавно обвинителство. Оваа дискусија ги вклучи Petra Bárd, Péter Hack, Zoltán Fleck и Miklós Ligeti.

Во вториот дел од конференцијата, уставниот адвокат Péter Tölgyessy одржа говор со наслов *Политика пред сè - местото на владеењето на правото во системот на Виктор Орбан*. Потоа, панел дискусија ја анализираше годината во поглед на транспарентност и изложеност на корупција, како и влијанието на ефектите од корона вирусот врз различни области, вклучувајќи ја владата, здравствениот систем и економијата.

Учесниците беа професорот Dóra Győrffy, адвокатот за медицина Zsombor Kovácsy, политичкиот аналитичар Péter Krekó и József Péter Martin. Двете панел дискусии беа модерирани од страна на Ágnes Lampé.

## Можности за борба против корупција во Европската унија

На 30 март Транспаренси Интернешнл Унгарија организираше онлајн дискусија за студентите на Алтернативното средно економско училиште во Будимпешта (Alternatív Közgazdasági Gimnázium). Главната цел на настанот беше презентирање на организацијата

на студентите по којашто тие имаа можност да прашуваат прашања до проектниот менаџер на Транспаренси Интернешнл Унгарија Bálint Mikola. Учесниците имаа можност да научат повеќе за работата на Транспаренси Интернешнл, целите, и главните активности и можностите за финансирање. Другата најважна тема беше корупцијата како феномен: дефиниција, кои активности ги вклучува, и како може да биде измерена. Дополнително, имаше и дискусија за Индексот за перцепција на корупцијата и резултатите од последните години.

Меѓу другото студентите сакаа да знаат како ЕУ може да ја контролира корупцијата во Унгарија и кои алатки постојат за да се намали. Во врска со тоа беа дискутирани и активностите на ОЛАФ и потенцијалите на Европското јавно обвинителство.

Понатаму, имаше прашања во врска со неодамна усвоениот механизам за владеење на правото и неговите потенцијални влијанија врз домашната корупција, како и дали може да ја ограничи нејзината распространетост. Феноменот на лажна партија (kamupárt), што е специфичен за Унгарија исто така беше споменат во врска со изборите во 2014 и 2018 година, како и злоупотребата со средства од кампањата, и предлогот на ТИ за да го реши овој проблем.

Настанот заврши со дискусија за начините на кои студентите може да допринесат за работата на Транспаренси Интернешнл Унгарија преку волонтерски активности и предлози.

## Косово

### Спроведување на  агендата на ЕУ за одржлив развој – Предизвик за Косово

Демократскиот Институт Косово (KDI) ја одржа онлајн дискусијата „Перспективи на ЕУ за одржлив развој: Можности за Косово", на којашто присуствуваа ЕУ експерти за политики, претставници од граѓанското општество и студенти. На оваа виртуелна тркалезна маса беше дискутирано за политиките на Европската унија во врска со промовирањето на одржливиот развој во и надвор од ЕУ. Понатаму, експертите на ова поле ги изразија своите ставови за тоа кои се можностите и предизвиците за Косово да ги спроведе овие политики и поврзаноста помеѓу политиките за одржлив развој и процесот на интеграција во ЕУ




Demush Shasha од EPIK Институтот, зборувајќи за содржината на Агенда 2030 одобрена од Собранието на Обединетите Нации кажа дека е усвоена од ЕУ и 17 цели на Обединетите Нации за одржлив развој, во 2019 година Европската комисија ги организираше во 6 политички приоритети за 2019-2024 вклучувајќи ја и зелената агенда, инклузивната економија, транзицијата кон дигиталната економија, европските стандарди, ЕУ како глобална моќ за демократски стандарди за трети земји, промоцијата на европската демократија во ЕУ земјите. Во неговиот говор, тој исто така го истакна фактот дека Косово има два главни предизвици во спроведувањето на оваа агенда коишто според него се недостаток на политичка волја и недостатокот на административен капацитет за комплексно планирање коешто е потребно за овој процес.

Од друга страна, Donika Emini од CIVIKOS кажа дека за самата ЕУ спроведувањето на оваа агенда претставува предизвик поради тоа што на ЕУ и недостига долгорочна стратегија и не постојат механизми за санкции против државите во ЕУ коишто не ја спроведуваат оваа агенда. Таа исто така го адресираше фактот дека недостатокот на политичка волја е предизвик за сите држави од западен Балкан, а особено за Косово. Иако Косово е посветена за спроведувањето на оваа агенда и нејзините цели, институциите во Косово не покажале

сериозен пристап за спроведувањето на овие политики коишто директно влијаат на животите на граѓаните.

Venera Aqifi од GIZ, зборувајќи за врската помеѓу процесот на евроинтеграција и агендата за одржлив развој истакна дека овие два процеси се поврзани еден со друг поради тоа што резултатите од една област влијаат врз резултатите на другата област. Покажувајќи го планот на ЕУ за западен Балкан во поглед на зелената агенда во координација со ЕУ зелениот договор, таа ја пофали работата на собранието во спроведувањето на оваа агенда со создавањето на Советот за одржлив развој и парламентарната група на зелените за надзор во овој процес.

## Северна Македонија

### Јавна дебата

На 4 јуни 2021 се одржа дебата во врска со конфликт на интереси и заштита на укажувачи. Говорници на оваа дебата беа: Наташа Габер Дамјановска, директорка на Академијата за судии и јавни обвинители, Софка Пејовска Дојчиновска, членка на Државната комисија за спречување на корупцијата, и Ирена Поповска, раководителка на сектор во Државната комисија за спречување на корупцијата. Оваа дебата вклучи и презентации од експерти и беше проследена со дискусија помеѓу учесниците.

Најпрво беше претставен општ преглед на правната рамка којашто го регулира судирот на интереси. Наташа Габер Дамјановска даде преглед на Законот за спречување на корупција, Кривичниот законик и Законот за јавно обвинителство.

Потоа беа дискутирани практични случаи на судир на интереси и беше даден преглед на спроведувањето на Законот за укажувачи. Целта на дебатата беше да се зајакнат капацитетите на луѓето одговорни за внатрешно и надворешно пријавување. Тоа е еден од механизмите којшто е потребно да биде зајакнат со цел да се откријат нерегуларности и можни случаи на корупција во функционирањето на државните институции. Со оглед на тоа што Поглавје 23 е едно од најважните откако Македонија ќе ги започне преговорите со ЕУ, добро е да се допринесе со овој вид на дебати во подобрување на владеењето на правото и спроведувањето на антикорупциски мерки.

Учесниците на оваа дебата беа млади судии и јавни обвинители од Академијата за судии и јавни обвинители, вработени од Државната комисија за спречување на корупцијата и Државниот завод за ревизија, студенти и други важни институции.




## Романија

### Јавна дебата во Клуж-Напока

На 2 јуни 2021 година, Експертскиот Форум заедно со локалниот партнер во Клуж-Напока, Центарот за проучување на демократијата одржа јавна дебата (CSD) за пакетот Зелен договор, усвоен на ниво на Европската унија и неговото влијание врз јавните политики на локално ниво во врска со енергетската ефикасност и заштитата на животната средина.



Европскиот Зелен договор има длабоки промени за граѓаните и заедниците низ Европа. Сè уште се развива, но исто така се соочува со општествени и еколошки проблеми што доаѓаат со брза експанзија, Клуж ќе мора да помине низ амбициозни социјални и економски трансформации за да одговори на новите предизвици. Начините на произведување, дистрибуција, и користење на енергија, како на ниво на властите, така и на ниво на домаќинства и граѓани, се клучен елемент за постигнување на амбициозните цели што ги претпоставуваа Клуж и целата ЕУ.

Беа дискутирани предизвици поврзани со енергетската ефикасност и греењето во населените места во контекст на развој на недвижностите, со цел да се разбере како квалитетот на животот може да се зголеми за луѓето во Клуж со најмало влијание на околината.

Anca Sinea (Истражувач и експерт за енергетски политики, Центар за проучување на демократијата UBB Клуж) направи кратка презентација на ЕУ Зелениот договор и претпоставените цели, фокусирајќи се особено на Романија.

Ovidiu Cîmpean (Менаџер на Генералната дирекција за комуникација, локален развој и управување со проекти, градско собрание Клуж-Напока) продолжи со дискусија за напредокот и предизвиците во развојот на Клуж со акцент на средината за живеење и влијанието врз животната средина од перспектива на локалната администрација.

Andrei Ceclan дискутираше за еволуциите и предизвиците за енергетските политики во контекст на урбаниот развој на Клуж (Претседател, Романско друштво за енергетски ревизори и менаџери, Урбан енергетски менаџер) додека Bogdan Suditu (Вонреден професор на Географскиот факултет на Универзитетот во Букурешт) дискутираше за предизвиците за домување за град како Клуж во контекст на Европскиот зелен пакт.




Сите овие презентации создадоа продуктивна дебата со значајни засегнати страни на оваа тема како Ana Otilia Nuțu (Експерт за енергија, EFOR), Mihai Mereuță (Претседател, Лига на здруженија на сопственици на живеалишта, Романска асоцијација за домување Плус) Sorin

Muntean (Претседател на Федерацијата на Здруженија на Сопственици Клуж-Напока, Потпретседател на Habitat League) и Călin Vișan, (Менаџер за развој на бизнис, Соларис развој на недвижности, Клуж)

Учесници: граѓани на Клуж-Напока, експерти во енергетскиот сектор, претставници на здруженија на сопственици, академски сектор, студенти

## Јавна дебата во Константа

На 6 август 2021 година, Експертскиот форум заедно со локален партнер во Константа, Граѓанскиот ресурсен центар во Константа (CRC) одржаа јавна дебата за пакетот Зелен договор, усвоен на ниво на Европската унија и неговото влијание врз развојот на одржлив систем за урбана мобилност во Константа и неговата околина.

Градот Константа лесно се гуши од сообраќај и автомобили. Новата регулатива за паркинг во Константа беше донесена за да се обесхрабри користењето автомобили во градот, а велосипедските патеки се распоредени на растојание од 5 километри, но дали е ова доволно за да може да се зборува за одржлива урбана мобилност? Како може да се искористи скоро донесениот Европски зелен договор за корист на заедницата во Константа? Овие беа главните аспекти кои беа дискутирани со претставници на граѓанскиот сектор во Константа и од локалната администрација.

Suzana Carp (Директорка на EcoDobrogea и експерт за климатски политики на европско ниво, Фондација Bellona) направи кратка презентација за целите коишто се во рамки на Зелениот договор на ниво на ЕУ, а особено за Романија. Таа потоа се осврна на Константа и кои би биле главните приоритети во следните 10 години за локалната администрација за одржлив урбан мобилен систем.

Cristiana Popescu (Локална советничка, локален совет во Константа) и (Директор на Здружението Метрополитенска област Константа) зборуваше за главните приоритети и предизвици од институционална гледна точка. Претставници од невладини организации исто така дискутираа за главните цели во однос на одржлив урбан мобилен систем.

Учесници: граѓани, претставници од НВО



## **Есејски/фото конкурс**

Унгарија

### Конкурс со инфографици

Конкурсот на Транспаренси Интернешнл Унгарија во инфографици имаше цел да придонесе внимание кон темата: *Што оствари Унгарија откако се придружи во ЕУ?* Победниците беа објавени на онлајн церемонија на доделување на награди од страна на József Péter Martin, извршен директор на Транспаренси Интернешнл Унгарија.

Многумина се прашуваат колку добро Унгарија ја искористи поддршката и предностите што ги нуди ЕУ, и покрај фактот дека повеќето Унгарци гледаат на пристапувањето во 2004 година како историска можност, а населението покажа невидена поддршка за членството на Унгарија во ЕУ. Делата коишто беа испратени на натпреварот се одразија на тоа кои цели се постигнати од пристапувањето во 2004 година, што допрва треба да се постигне или каде земјата отстапува од претходната насока.

Поднесените инфографици беа анонимно оценети од независни експерти за визуелизација на податоци. Меѓу другото, тие ги оценија делата врз основа на правилата и принципите на прикажување информации базирани на податоци, елаборативноста на дизајнот, логичката структура на работата, јасноста на презентацијата и изјавите и демонстрација на соодветни информации. Членовите на жирито беа Attila Bátorfy, уредник во átlátsz.hu, Máté Fillér, режисер на анимирани филмови, графички дизајнер и вработен во Telex.hu, Kata Schiffer, графички дизајнер и Ervin Zsubori, главен и одговорен уредник на Infotandem.

Голем опсег на теми беа опфатени од добиените апликации, почнувајќи од земјоделство до споредување на перформансите на земјите од Вишеградската група. Сепак жирито одлучи дека ниту една апликација не е беспрекорна од професионална гледна точка, и поради тоа одлучија да одберат само двајца победници, за второ и трето место. Второто место го добија Tímea Cseh и Szabina Iván, чиј проект беше со наслов *Дали Унгарија функционира подобро? – Состојбата со здравствениот систем од придружувањето во ЕУ.*

Третото место припадна на Rasztik Lilla за нејзиниот проект *Индексот на перцепција на корупцијата во државите од ЕУ*, којшто ги анализираше податоците од Индексот за перцепција на корупцијата од Транспаренси Интернешнл.




*Tímea Cseh - Szabina Iván: Состојбата со здравствениот систем во Унгарија од придружувањето во ЕУ*

Косово

## Доделени награди за најдобар есеј на тема „Како може да се трошат фондовите на ЕУ во корист на заедницата во која живеете?“



Со симболична церемонија, Косовскиот демократски институт (КДИ) го заврши конкурсот за најдобар есеј на тема „Како може да се трошат средствата од ЕУ во корист на заедницата во која живеете?“, со доделување награди и сертификати за тројцата победници на натпреварот.

Натпреварот за најдобар есеј имаше за цел да ги охрабри младите луѓе да ги рефлектираат нивните мисли и да им обезбедат платформа да ги споделат своите креативни идеи за тоа како фондовите на ЕУ да им служат подобро на заедниците на кои припаѓаат. Интересот на младите да учествуваат беше многу висок, а натпреварот опфати вкупно 53 есеи.

Врз основа на евалуација спроведена од професионално жири, како победници на натпреварот беа објавени:

1. Lirie Osmani,

2. Vlera Thaçi,

3. Hana Kaja

Врз основа на евалуацијата на жирито, фокусот на младите апликанти на овој натпревар беа темите за заштита на животната средина, подобрување на квалитетот на воздухот, создавање рекреативни простори за млади луѓе, развој на туризмот, зголемување на енергетската ефикасност итн.

## Романија

### Натпревар во јавно говорење за млади

Во мај 2021 година, Експертскиот форум организираше натпревар во јавно говорење посветен на младите во Романија преку метод користен претходно во проектите со фокус на обезбедување на младите платформа да зборуваат за прашања коишто се важни за нив и за нивните заедници. Темата на натпреварот беше: „Кое е важно прашање што Ве засега Вас и Вашата заедница?“ со цел да се зајакне гласот на младите и да ги поддржи младите да се слушнат нивните приоритети и прашања, истовремено поттикнувајќи реални решенија и активно граѓанство.

Учесниците требаше да снимаат 3 минутен говор околу оваа тема и да објаснат како заедницата на ЕУ (нејзините политики, нејзините инструменти, нејзината институција, нејзините граѓани) може да помогнат во решавањето на нивните прашања. Или со идентификување на прашања што ги засега на ниво на Европската унија, или со разбирање како ЕУ, или други земји -членки, пристапуваат кон прашањето што го идентификувале, студентите мораа да го разберат внатрешното функционирање на ЕУ, кои се заедничките вредности и како можеме да работиме заедно за да обезбедиме демократија, еднаквост и човекови права.

Со цел да се оствари ова, студентите најпрво користеа ресурси како ЕУ & Јас со цел да имаат подобро разбирање на ЕУ и Катче за учење (Learning Corner) да се консолидираат информациите. За да бидат поддржани во нивното учење, беше подготвена папка со корисни информации на романски јазик.[1]

Со цел интегрирана заедница на ЕУ на информиран начин, студентите користеа алатки како што е Евро барометар за да вклучат корисни информации за нивните прашања и да споредат различни перспективи и пристапи на земјите -членки.

20 средношколци од различни заедници во Романија (Roman, Tecuci, Mizil, Targoviste, Alexandria, Buzau, Timisoara, Galati and Constanta) се вклучија во натпреварот. Експертскиот форум ги поддржи со организирање на работилници и сесии.

Проблемите што беа идентификувани беа на пример, правата на жените, пристапот до квалитетно образование, малтретирање (bullying) и климатските промени.

Нивните говори беа оценети од жири составено од 3 експерти:

- Alina Constantinescu, координатор на проекти во областа на образованието, граѓанска вклученост и промовирање почитување на различностите

- Andreea Rusu, извршен директор на Центарот ФИЛИА, феминистичка организација

- Monica Loloiu, дел од Политичкиот оддел при претставништвото на Европската комисија во Романија

Врз основа на многу тесната конкуренција, беа доделени повеќе награди за 1, 2 и 3 место. Наградите се состоеја од:

- 1 награда - eBook reader Kindle 2019

- 2 награда – а 200 RON ваучер за Carturesti

- 3 награда – претплата за една година на SkillShare

Беа доделени награди за најдобри решенија, најдобар повик за акција, најдобри аргументи и најдобра изведба на говорот.

Победници на натпреварот беа:

1. Bianca Stoian - 1 место
2. Roxana Cazacu - 1 место
3. Marius Chiriac – 2 место
4. Oana Maria Ene – 2 место
5. Andreea Lungu – 2 место
6. Adriana Patrichi – 3 место

[1] https://drive.google.com/drive/folders/1qiJisNllY2tuTOq0Bp5UKqk7g-Y24h0w?usp=sharing

7. Dara Ciubotaru – 3 место
8. Cristiana Galateanu – 3 место
9. Adriana Ciobanu – 3 место
10. Ana Maria Marin – 3 место




Врз основа на повратните информации од учесниците, тие ја ценеа можноста не само да научат повеќе за Европската унија, туку и да се чувствуваат поблиску до нејзините вредности и заедницата. 100% од испитаниците рекле дека се чувствуваат безбедно и се наведени во конкуренцијата и 90% од нив рекоа дека сакаат да бидат активни во рамките на нивните заедници и дел од решението за прашањето што го идентификуваа.

## Северна Македонија

### Победници на фото конкурс

Во рамките на проектот „Промовирање на заеднички вредности низ Европа“ поддржан од Европската Унија преку програмата „Европа за граѓаните“, Транспаренси Интернешнл-Македонија, објави конкурс за најдобра фотографија.

Основната цел на проектот е да се промовираат европските вредности како што се владеењето на правото, демократија, транспарентност, слобода на медиумите, еднаквост и солидарност помеѓу Источно – европски земји и кандидатските земји. Дополнително на тоа проектот ќе се обиде да ја поттикне вклученоста на граѓаните и нивно вклучување во демократските процеси на локално, национално и меѓународно ниво.

Во рамките на конкурсот добиени се 10 фотографии, од кои се одбрани 3 фотографии. Наградени се следните фотографии:

Прво место (Парична награда во бруто износ од 500 евра): Ивана Батев



Опис: *„Фотографијата што ја испраќам ја опишува важноста на слободата на говор и изразување, како и одговорноста на медиумите да ја пренесат вистината во едно здраво општество за тоа да расте, учи и се развива. Фотографирана е на 12 јуни 2020 пред Кабинетот на Претседателот, г-дин Стево Пендаровски“.*

Второ место (Парична награда во бруто износ од 300 евра): Кристијан Коцев



<u>Опис</u>**:** *„Се рефлектираме на скромните почетоци и мостот кон денешниот просперитет со проширени можности за помодерен, поквалитетен живот“.*

Трето место (Парична награда во бруто износ од 200 евра): Дамјан Козаров



<u>Опис:</u> *„Промовирање на заеднички вредности низ Европа” – На сликата е прикажан манастирот Св.Ѓорѓи во с.Магарево-Битолско. Изграден во 1871 година, овој манастир е остаток од некогашниот магаревски манастир т.е женскиот манастир кој постоел на тоа место. Нашата држава е позната по големиот број на цркви и манастири кои датираат уште од крајот на 14 век и едни од најстарите цркви на Балканот. Со текот на времето тие градби се уништувале сè повеќе и повеќе, а нивната вредност опаѓала. Со одобрувањето на ЕУ фондовите и нивното искористување, би можело да се направи реконструкција на старите и уништени верски објекти со цел развивање на туризмот во државата, но и враќање на старите градби во „живот“.*

*Овој конкурс се организира во рамките на проектот „Промовирање на заеднички вредности низ Европа“, поддржан од Европската Унија преку програмата „Европа за граѓаните“

## Тури со водичи

Унгарија

### Виртуелна тура со Ákos Hadházy

Поради пандемијата, турата со водич се одржа онлајн преку Zoom на 14 април, организирана со помош од независниот унгарски пратеник Ákos Hadházy. Настанот се фокусираше на тоа како Унгарија се справува со субвенциите добиени за зајакнување на економијата, дали земјата се приближи до животниот стандард на Западот, или се има развиено како земјите од регионот. József Péter Martin, извршниот директор на ТИ-Унгарија и пратеникот Ákos Hadházy ги презентираа своите гледишта поврзани со овие прашања.

Kisvaszar, Pusztaottlaka, Kétpó, Ludas, Nyírbogdán, Tófalu. Овие се само некои од споменувањата од страна на Hadházy во врска со злоупотребата на ЕУ субвенциите. Тој исто така истакна дека на овие споменати локации е пронајден голем број на случаи на корупција каде што субвенции од ЕУ биле потрошени.

На крајот од виртуелното патување, гледачите имаа можност да го прашаат пратеникот неколку прашања. Прашањата беа околу последиците и ефектите од неоткриените случаи, и дали имало и позитивни случаи на користење на ЕУ субвенции.

За жал, тој не можеше да именува пример за последниот аспект, бидејќи не беше во можност да ги раскаже сите случаи кога средствата биле искористени без прескапа цена. Одговорот на првото прашање беше дека ниту еден од неговите извештаи не доведе до судски постапки.




## Виртуелна тура во Печ

Онлајн серијата на тури продолжи на 29 април, истражувајќи го градот Печ. Со помош на Attila Babos, уредникот на локалниот медиум Сабад Печ, ТИ Унгарија ги истражуваше најпроблематичните проекти спроведени со субвенции од ЕУ во и околу Печ, и дали овие проекти служеа на значајни цели за локалната заедница. Исто така, беа разгледани и најсериозните случаи на злоупотреба кога станува збор за овие средства.

Attila Babos прво посочи некои контроверзии околу трансформацијата на градот во културна престолнина, споменувајќи дека бројни однапред планирани проекти сè уште не се завршени до денес. Друг интересен случај е оној со пазарот во Печ, кој беше формиран со домашни средства наместо субвенции од ЕУ, но чија изградба беше одложена долго време. Следниот акцент беше ставен на познатиот случај за јавно осветлување во Печ, кој, за разлика од другите тендери за јавно осветлување што ги доби компанијата Елиос, не беше истражен од страна на ОЛАФ. Се дискутираше и за контроверзниот случај Volvo-gate, кој оттогаш беше предмет на многу дискусија. Како што истакна Attila Babos, купувањето

автобус на Волво може да биде најсериозниот инцидент во градот за корупција во последните дваесет години.

И на крај, универзитетската програма за развој на Печ беше исто така тема за дискусија, која беше завршена со неколкугодишно задоцнување и значителен износ на дополнителни трошоци – како што беше споменато од Szabad Pécs. Сепак, додадените милијарди не се целосно наменети да го надоместат недостатокот поради повисоките трошоци за изградба, туку се користат и за опрема за новиот теоретски блок на медицинскиот факултет, како и паркинг.



## Виртуелна тура во Сегед

Виртуелната турнеја на ТИ Унгарија за истражување на користењето на фондовите на ЕУ во Сегед и околните области на 20 мај беше спроведена со учество на Sándor Nagy, заменик -градоначалник на Сегед, одговорен за урбанистички развој, како и Zoltán Cservenák, новинар во Szeged.hu и вработен во телевизија Szeged TV.




Првата презентација беше од страна на Sándor Nagy, заменик -градоначалник на Сегед, одговорен за урбанистички развој. Тој ги претстави специфичните проекти спроведени во Сегед, вклучувајќи ги и проектите за зелен град и SaSMob (Паметна алијанса за одржлива мобилност) иновативен развоен проект за транспорт. Како што објасни, треба да се воспостави трака за трчање како дел од проектите на зелениот град, но новата тендерска можност што стана достапна во меѓувреме ја исклучи од овој проект. Sándor Nagy, исто така, претстави проект со сосема поинаква структура: таканаречен проект Урбани иновативни акции, со буџет од 3,2 милиони евра и имплементиран во рамките на SaSMob.

Zoltán Cservenák, новинар во Szeged.hu и вработен во телевизијата Szeged TV презентираше серија случаи каде што имало злоупотреба на ЕУ субвенции почнувајќи од ELI-ALPS ласерски центар, Szeged паркот за игри, и други примери надвор од Сегед. Тој исто така разговараше и за реновирањето на Правниот факултет на Универзитетот во Сегед, кое не е завршено до денес.



## Косово

### КДИ организираше посета на шест локалитети во Липјан и Митровица каде се спроведени проекти финансирани од ЕУ

До почетокот на април, КДИ организираше целодневна посета со претставници на граѓанското општество и студенти на неколку локалитети во Липјан и Митровица. Целта на оваа активност беше да се посетат проекти кои беа финансиски поддржани од ЕУ во општините на Косово и кои директно помогнаа да се подобри благосостојбата на граѓаните. Оваа посета послужи како добра можност за учесниците да имаат преглед на локалните инвестиции во ЕУ и користење на јавните средства, но и како форум за средби со претставници и носители на одлуки од соодветните општини.

Групата од 25 учесници најпрво се упати во библиотеката и архивата во општината Липјан каде што беше пречекана од раководителот на културниот центар Селман Јашаница, и раководителот на архивскиот сектор Енвер Хазири. Двајцата претставници од општината ги презентираа двата проекти коишто биле финансирани од институции на ЕУ, процесот на изградба, условите што ги нудат овие објекти и придобивките што таквите градби ги донесоа на општината и граѓаните на Липјан.

Во меѓувреме, учесниците беа заинтересирани да знаат повеќе за студентите и интересот на учениците да ги користат услугите што ги нуди новата библиотека и нејзините капацитети за да ги задоволат барањата, а гореспоменатите претставници на општината одговорија на нивните прашања.





Посета од сличен карактер беше организирана и во општина Митровица, односно на четири различни локации, во однос на проекти изградени со финансиска поддршка на ЕУ, каде што групата беше примена од раководителот на одделот за инфраструктура, г -дин Фисник Ибрахими и раководител на Одделение за урбанизам, г -дин Флорен Абраши, од Општина Митровица. Проекти како што се мостот на реката Ибер, шеталиштето на реката Ибер и градскиот плоштад, беа презентирани од претставниците на општината, кои, меѓу другото, ги објаснија и трошоците за инвестицијата, позадината и придобивките на учесниците.

Во меѓувреме, во мултифункционалниот центар „Омни спорт“, кој беше четврти посетен проект, главниот извршен директор на мултифункционалниот центар „Омни спорт“, г -дин Сами Зека, ги информираше учесниците за услугите што овој центар им ги нуди на граѓаните, особено на студентите, за развој на курсеви за многу видови спортови. Меѓу другото, тој го спомена големиот интерес на граѓаните од сите општини на Косово да го користат просторот и услугите на овој центар, со оглед дека е еден од најголемите центри од ваков вид на Косово. Тој, исто така, ги спомена предизвиците со кои се соочуваат како претпријатие, односно финансиските трошоци потребни за правилно одржување и работа.

## Северна Македонија

### Онлајн тура

Во рамки на проектот беа предвидени тури до значајни проектни обележја во градот финансирани со средства од ЕУ. Поради рестрикциите коишто беа воведени поради COVID-19, оваа активност беше организирана како онлајн дискусија во врска со

искористувањето на ЕУ фондовите во Македонија. На овој онлајн настан, претставник беше и Мартин Атанасов од Националната агенција Европски образовни програми и мобилност.




Целта на Националната агенција е го промовира спроведувањето на европските програми во областа на образованието, тренинг, млади и спорт во Република Македонија. Со спроведувањето на овие програми, Националната агенција допринесува до развојот на заедницата како општество засновано на напредно знаење, со одржлив економски развој, повеќе и подобри работни места и поголема социјална кохезија, истовремено обезбедувајќи заштита на животната средина за идните генерации и особено размена, соработка и мобилност во областа на образованието и обуката. На настанот беа презентирани сите спроведени активности во рамките на проектот.

Потоа беше промовирана работата на Националната агенција и беа споделени добри примери и практики од имплементираните грантови. Учесниците имаа шанса да бидат вклучени преку споделување на нивните искуства со имплементација на проекти поддржани од фондовите на ЕУ.

Во дискусијата беа споменати различни фондови на ЕУ отворени за нашата земја. Беше договорено меѓу учесниците да ги споделат меѓу себе можностите за апликација и размена на информации за различните отворени можности за поддршка на проекти.



Романија

## Ловење на архитектонско богатство




Викендот од 26-27 јуни 2021 година, Експертскиот форум организираше два настани во лов на архитектонско богатство во Константа и Клуж Напока, како дел од проектот.

Наместо класична турнеја со водич, беше одбран поинтерактивен формат што им овозможи на граѓаните да го откријат градот и неговите „богатства“ во сопствено темпо. Архитектонско ловење богатство е урбана натпреварувачка игра во која, во ограничено време, ги предизвикува учесниците да најдат што е можно повеќе архитектонски индиции / богатства.

Иако Константа и Клуж се два многу различни градови од повеќе гледишта (социо-економски, историја, географска положба итн.), нивната архитектура е фасцинантна и ја раскажува приказната за сите различни етнички малцинства кои живееле во неа и придонеле за нејзиниот развој. Но, каква е сегашната ситуација? Дали ова наследство е сѐ уште дел од животот на заедницата - како е заштитено и вреднувано, какви проекти постојат што се обидуваат да го вратат во заедницата, дали е ова приоритет за локалната администрација? Како културната разновидност се рефлектира во нашето општество во денешно време?

Учесниците влегоа во потрагата по богатство во тимови и имаа околу 2 часа да се обидат да најдат што е можно повеќе индиции. Во текот на ова патување, тие ги открија различните етнички малцинства што постојат во овие заедници и архитектурата на градовите.





На крајот, ЕФОР заедно со партнерите одржа настан за раскажување приказни, каде што заедно со регионални експерти и историчари се разговараше за историјата на градот и многу откриени згради, но и за тоа како овие згради би можеле да добијат живот уште еднаш во центарот на заедницата. Оваа дискусија, исто така, доведе до дебати за предизвиците во

заштитата на културното наследство, како средствата на ЕУ може да се користат за заштита и зачувување на такви згради и јавни политики околу оваа тема.

## Меѓународна акција

Европски интеграции и граѓанско општество – Улогата на НВО во механизмот на владеење на правото во Европската унија




Меѓународна конференција беше одржана на тема *Европски интеграции и граѓанско општество – Улогата на НВО во механизмот на владеење на правото во Европската унија.* Онлајн конференцијата се одржа на 17 мај. Конференцијата беше отворена од страна на József Péter Martin, извршен директор на Транспаренси Интернешнл Унгарија. Тој рече дека има значителни проблеми во сите четири области во извештаите на Европската комисија за владеење на правото за Унгарија. Извештајот на Комисијата истакна дека иако Кривичниот законик на Унгарија овозможува кривична рамка за справување со корупцијата, постои системски недостаток за дефинирана акција за истражување и гонење на случаи на корупција коишто вклучуваат службеници од висок ранг. ТИ-Унгарија ја критикуваше сериозната ерозија на владеењето на правото и работата на обвинителството.

Во својот главен говор, поранешниот унгарски европратеник Benedek Jávor даде увид во креирањето политики на ЕУ. Тој истакна дека граѓанското учество во европската политика мора да се зголеми и ги наведе клучните методи за да се постигне ова. Консултацијата со невладините организации во рамки на владеење на правото е многу важно, поради тоа што тие се клучни за Комисијата да обезбеди информации за земјите-членки. Германскиот европратеник Daniel Freund исто така сподели мислења во врска со креирањето на ЕУ политики. Тој истакна дека постојат неколку земји-членки каде што кризата со владеење на

правото е директно поврзана со корупција. Невладините организации и граѓанското општество мора да работат заедно за да направат промена. Тој спомена дека Европскиот парламент изврши голем притисок врз Комисијата да го користи механизмот за владеење на правото во земјите -членки, вклучително и Унгарија. Freund нагласи дека годишните извештаи помогнаа неизмерно да ги направат потребните промени повидливи.

Miklós Ligeti, правен директор во Транспаренси Интернешнл Унгарија истакна дека унгарското законодавство не дозволува некој да ги критикува нивните одлуки. Тој додаде дека се надева дека ова нема да биде последното нешто од Комисијата во врска со евиденција за владеење на правото. Арбен Келменди, проектен менаџер во КДИ/Транспаренси Интернешнл Косово кажа дека Косово, исто така, ги следи основните и комплицирани случаи на корупција, внимавајќи да учи од примерите на нивните соседи. Марија Сунчевска од Транспаренси Интернешнл Македонија кажа дека Македонија се подготвува за пристапување во ЕУ веќе 15 години. Во Македонија, најголемиот проблем е спроведувањето на реформите, но таа верува дека со поддршка од Комисијата, може да се допринесе до позитивни промени за државата.

Исто така, се дискутираше за ефектите на COVID-19 врз овие земји. Миклос Лигети рече дека унгарската влада гледа на пандемијата како можност за дополнително зајакнување на својата моќ. Цезара Грама, претставник од Романскиот експертски форум, рече дека пандемијата извршила голем притисок врз судскиот и демократскиот систем. Ова демонстрираше како институциите функционираат во овие ситуации во согласност со владеењето на правото.

## Меѓународна работилница

### Лажни вести за време на COVID-19 – Како дезинформациите ги поткопуваат вредностите на ЕУ и што можат да направат невладините организации за да ги спречат?

Како пандемијата влијаеше на ширењето лажни вести? Како е поврзана слободата на медиумите со корупцијата? Што можат граѓаните да направат против ширењето дезинформации? Ова беа некои од темите дискутирани на меѓународната работилница на Транспаренси Интернешнл Унгарија на 28 јуни 2021 година. Péter Krekó, извршен директор во Политички капитал и József Péter Martin, извршен директор во ТИ Унгарија имаа говори на настанот.

ЕУ се соочува со невидени предизвици и трагични загуби поради пандемијата од COVID-19. Ситуацијата е влошена со ширењето лажни вести за пандемијата низ целиот свет, што ја отежна борбата против кризата и во ЕУ како целина, и на национално ниво.

Меѓу другото, работилницата се стремеше да најде одговори за тоа како невладините организации можат да преземат акција против лажните вести во овие тешки времиња, што

можат да сторат за да ги запрат кампањите за дезинформација и какви алатки имаат да помогнат.

Péter Krekó се осврна на темата за кампањи за дезинформација против граѓани. Тој посочи дека оние на власт се одговорни за обезбедување транспарентни информации за јавноста, во спротивно може да има сериозни последици. Довербата на граѓаните во демократијата, државата и медиумите е разнишана за време на пандемијата.

Во Унгарија, политиката и државните медиуми самите станаа извор на дезинформација и често се во конфронтација со невладини организации. На крајот од својот говор, Péter Krekó рече дека кога организациите се нападнати од дезинформации, клучно е да се одговори со етички став.

József Péter Martin дискутираше за поврзаноста помеѓу слободата на медиумите и корупцијата. Тој објасни дека ширењето на корупцијата ги уништува слободните медиуми, додека слушањето на вести поврзани со корупција влијае врз перцепцијата за корупцијата. Шансите за откривање на корупцијата се намалени поради намалувањето на независните медиуми што им оневозможува на граѓаните да добијат јасни информации во врска со овој феномен.




По говорите, учесниците на работилницата можеа да ги споделат своите искуства одговарајќи на интерактивни прашања. Како што е откриено од овој сегмент, учесниците најмногу наишле на лажни вести на социјалните медиуми, а  потоа на телевизија.

Освен пандемијата, најчесто се шират дезинформации за имиграцијата, велат испитаниците. Многумина, исто така, ја изразија својата загриженост за намерно искривување на пораките и тврдењата на невладините организации. Во врска со ова, една од најважните теми беше прашањето кога станува неопходно да се преземе акција кога организацијата станува жртва на напади со дезинформации.

Експертите на настанот се согласија дека вреди да се одговори на наводите кога лажните информации се широко распространети во масовните медиуми.




## Истражување

### Истражување за заеднички европски вредности

Преку проектот „Нашите заеднички вредности“, беше иницирал дијалог за прашања поврзани со европската интеграција и Европската унија. За таа цел, идентичен онлајн анонимен прашалник, различен само по јазик, беше споделен помеѓу четирите организации. Прашалникот беше пополнет од 551 луѓе во Унгарија помеѓу 10 мај и 1 јуни 2021. Во Романија, 477 луѓе го пополниле прашалникот, додека 500 луѓе го пополниле прашалникот во Косово, потенцијален кандидат за ЕУ членство, и 100 луѓе го пополниле прашалникот во Северна Македонија, кандидатка за ЕУ членство.

Повеќе од половина од унгарските испитаници рекле дека европскиот и националниот идентитет се подеднакво важни за нив. Една третина од испитаниците рекле дека европскиот идентитет е поважен, додека само еден од десет одговорил дека националниот идентитет е поважен. Во другите три земји (слика 1), двојниот идентитет беше исто така најпопуларниот избор, но во сите три земји, поголем процент од испитаниците сметале дека националниот идентитет е поважен.

*Слика 1: Кој идентитет е поважен за Вас? (%)*




Вредноста на демократијата, владеењето на правото, слободата на медиумите и заштитата на човековите права беа опишани како многу важни од големото мнозинство унгарски испитаници, додека важноста на слободното движење на работна сила и капитал беше оценета малку пониска.

Според испитаниците, сепак, вредностите што Европската унија е во состојба да ги гарантира се обратно пропорционални со вредностите што може да ги гарантира: слободното движење на работната сила и капиталот се најважни, додека слободата на медиумите и владеењето на правото се најмалку важни. Со просечна оценка од 5,4, унгарските испитаници се најмалку уверени дека ЕУ може да ги гарантира овие вредности. Довербата во спроведувањето на вредностите на ЕУ беше највисоко оценета во Северна Македонија (7,5 во просек), проследено со Косово и Романија со просек од 6,1 и 5,6 соодветно.

Европската унија беше идентификувана како заедница базирана на заеднички вредности и како економска интеграција од мнозинството испитаници (62-62%). Речиси половина од нив ја гледаа ЕУ како организација одговорна за гарантирање мир во Европа, додека 4% од испитаниците ја идентификуваа организацијата со други карактеристики. (На испитаниците им беше дозволено да наведат повеќе од еден одговор кога одговараат на прашањето.) Трите други земји (слика 2), исто така, имаа голем дел од испитаниците кои споменаа економска интеграција, но значително помалку отколку во Унгарија се согласуваат дека Европската унија е заедница врз основа на заеднички вредности и верувања.

*Слика 2: Кои од следните дефиниции најдобро ја опишува Европската унија според Вас? (Може да одберете повеќе од една опција)*




Од испитаниците беше побарано да ги проценат резултатите од пристапувањето во ЕУ и улогата на ЕУ во неколку аспекти. Испитаниците беа особено поделени околу тоа колку институциите на ЕУ можат да сторат за да спречат корупција во земјите-членки. На скала од 1 до 5, домашните испитаници во просек го оценија капацитетот на ЕУ за борба против корупцијата со средна оценка. Испитаниците во другите три земји беа малку пооптимистички, со мнозинството одговори што ја оценија ефективноста на антикорупциските мерки како просечни или подобри.

Унгарските испитаници би го поддржале пристапувањето на Унгарија во Европското јавно обвинителство со исклучително високи 96,4%. 74% од испитаниците во Косово и 67% од романските испитаници, исто така, рекоа да, додека помалку од половина од испитаниците во Македонија би поддржале приклучување кон институцијата.

Речиси истиот процент (95,5%) од унгарските испитаници повторно би гласале „да" доколку се одржи референдум за членство во ЕУ. Вториот најголем процент е во Косово, каде 78% од испитаниците би го поддржале членството во ЕУ, додека 67% од испитаниците во Романија и 65% во Северна Македонија би гласале за.

## Церемонија на затворање на проектот

## Унгарија

### Преглед на членството на Унгарија во ЕУ: дебата помеѓу поранешните еврокомесари László Andor и Tibor Navracsics




Поранешните еврокомесари László Andor и Tibor Navracsics разговараа за резултатите од пристапувањето на Унгарија во ЕУ на завршниот настан на Транспаренси Интернешнл Унгарија.

Воведниот говор го одржа Mátyás Maksi, шеф за комуникација во претставништвото на Европската комисија во Унгарија. Тој објасни дека ЕУ се соочува со голем број предизвици, па затоа е неопходно да се најде заедничка визија за иднината. József Péter Martin, извршен директор на Транспаренси Интернешнл Унгарија го одржа следниот говор, во кој накратко го претстави проектот „Заеднички вредности“.

Tibor Navracsics и László Andor покрија три главни теми за време на двочасовниот настан. Прво, тие разговараа за тоа дали процесот на европска интеграција беше успешен. Второ, тие зборуваа за владеење на правото и корупција. На крај, тие ги искажаа своите ставови за односот помеѓу унгарското општество и ЕУ. Tibor Navracsics гледа позитивна промена во ЕУ станувајќи присутна во јавниот дискурс, развивајќи се во тема од надворешна политика во секојдневна тема за дебата.

Според László Andor, целиот регион на Централна и Источна Европа покажува знаци на економски напредок. Сепак, тој е помалку оптимист за ситуацијата во Унгарија, бидејќи земјите од регионот не само што се приближија до унгарската економија, туку и се покажаа како понапредни. Овој феномен го објасни со јавниот долг, кој долго време ја попречуваше земјата. За време на дискусијата се дискутираше и за недостатокот на заеднички став за Европа. Како што беше споменато, постои чувство на политичка неизвесност за улогата на ЕУ, што може да предизвика проблеми за иднината.

Во врска со спроведувањето на механизмот за владеење на правото, László Andor истакна дека „ЕУ стана помека“. За да ја илустрира својата поента, тој спомена дека Словачка претходно беше исклучена од првиот круг на пристапниот процес поради кршење на правата на малцинствата - врз основа на тоа, Турција не треба да биде во позиција да преговара или да биде прифатена како кандидат. Според него, ефикасноста на механизмот за владеење на правото се уназадува со фактот дека соодветниот персонал на ЕУ постојано се менува. Секогаш има нов тим што се справува со него одреден временски период, што го прави процесот многу потежок. Tibor Navracsics смета дека земјата што ЕУ ја испитува со механизам за владеење на правото секогаш ќе биде прашање на политичко разгледување. Тој рече дека процесот е комплициран од двосмисленоста на владеењето на правото како концепт.

За време на дискусијата се одржа динамичен дијалог помеѓу учесниците. На крајот на онлајн конференцијата, говорниците добија многу прашања.

## Косово

### Завршен настан на проектот во Приштина




Демократскиот институт на Косово (КДИ) одржа онлајн тематска дискусија „Како граѓаните го разбираат процесот на интеграција на Косово кон ЕУ“, по повод затворањето на едногодишниот проект „Промоција на заедничките европски вредности“. За време на оваа дискусија беа презентирани прелиминарните наоди од онлајн прашалникот што го спроведе КДИ во врска со ставот на граѓаните за европската интеграција воопшто и особено за Европската унија.

На оваа виртуелна тркалезна маса со експерти за политика на ЕУ, претставници на граѓанското општество и студенти, се дискутираше за позицијата на граѓаните на Косово за европската интеграција. Меѓу другото, експерти од оваа област ги презентираа своите ставови за предизвиците и патот што претстои за Косово во процесот на интеграција и до кој степен граѓаните се информирани за тоа што ЕУ го нуди на економски, социјален, политички и културен план.

Агнеса Хаџиу, проектна менаџерка во КДИ истакна дека онлајн прашалникот беше започнат во почетокот на мај и беше спроведен со 500 испитаници, и додаде дека истиот прашалник се спроведува во три други земји кои го спроведуваат истиот проект во Унгарија, Северна Македонија и Романија и информираа дека целиот извештај со овие податоци ќе биде објавен во наредните денови.

Прелиминарните податоци од овој прашалник покажуваат дека околу 78% од испитаниците изјавиле дека би гласале позитивно во случај на можен референдум за членство во ЕУ, од друга страна над 67% од испитаниците веруваат дека Косово би имала голема корист од ова членство. Околу 60% од испитаниците веруваат дека ЕУ направи малку за да го промовира патот на Косово кон членство во ЕУ, но околу 47% сметаат дека влијанието на ЕУ во креирањето на политиките на Косово било огромно.

Ералдин Фазлиу од Приштина Инсајт, зборувајќи за ставовите на граѓаните во однос на европската интеграција, јавниот дискурс на Косово од една страна нема алтернатива на европската интеграција, но од друга страна недостасуваат дебати во Косово зошто пристапувањето во ЕУ е корисно. Според него, граѓаните не се информирани за економското, политичкото и културното влијание што може да го има членството во ЕУ, и покрај тоа што ја поддржуваат европската интеграција. Тој нагласи дека иако во јавниот дискурс секогаш се истакнувало дека Косово е на патот кон ЕУ, но ако се погледне од социо-економскиот аспект, Косово постојано е во застој. Поради оваа причина, според него, граѓаните на Косово ја гледаат визната либерализација како многу важна бидејќи ја сметаат за можност да го напуштат Косово во потрага по подобра развојна перспектива за нив.

Од друга страна, Бесник Васоли - експерт за процесот на европска интеграција нагласи дека ЕУ не ја гради довербата што ја имаат граѓаните на Западен Балкан во европската перспектива, што се рефлектира и во тоа што членките на ЕУ не покажуваат интерес за процес на проширување. Овој пристап на ЕУ, според него, ги охрабри земјите од Западен Балкан да не даваат приоритет на потребните реформи и да продолжат со заробување на државата, со криминал и корупција. Во врска со напредокот на Косово во преземањето реформи во рамките на процесот на интеграција, г -дин Васоли го оцени како лош перформансот на институциите во овој поглед, посочувајќи дека досега има мал напредок во спроведувањето на ССА.

Она што Senem Safçi од KCSF го смета за позитивно е високото ниво на доверба што граѓаните на Косово го имаат за европската перспектива и вредностите што ги промовира

ЕУ како што се демократијата, владеењето на правото, заштитата на човековите права, слободата на медиумите итн. Според неа, треба да се направи разлика помеѓу правилната имплементација и ефикасноста на овие вредности од страна на косовските институции и важноста што граѓаните на Косово им ја даваат на овие вредности. Затоа, важно е активното учество на граѓаните во имплементацијата и зајакнувањето на овие вредности, додека институциите треба да создадат механизми за информирање и градење капацитет за граѓаните да бидат вклучени во овие процеси на донесување одлуки.

Дискусијата беше организирана во рамките на проектот „Промоција на заеднички европски вредности" финансиран од програмата „Европа за граѓаните" и имплементиран од КДИ заедно со три партнерски организации, Транспаренси Интернешнл од Унгарија, Транспаренси Интернешнл Македонија и Експертски форум од Романија.

### Северна Македонија

### Зајакнување на судството во борбата против корупцијата, 11 јуни 2021 година




Се одржа настан со цел да се разговара за зајакнување на судството во борбата против корупцијата. Фокусот на дебатата беа антикорупциските политики и практики во земјата. Тие беа споредени со меѓународните стандарди и практики и се дискутираше како треба да се подобри правната рамка и имплементацијата на законите. Исто така, се разговараше за ризикот од корупција во судството. Говорници на оваа дебата беа: г -ѓа Фатиме Фетаи, јавен обвинител; Софка Пејовска- Дојчиновска, член на Државната комисија за спречување

корупција (ДКСК), г-дин Нури Бајрами, член на Државната комисија за спречување корупција (ДКСК) и г-дин Ристо Бојаџиски, јавен обвинител.

Членовите на Државната комисија за спречување на корупција ја воведоа Националната стратегија за спречување на корупција и судир на интереси со фокус на судскиот сектор. Ова беше корисно за сите млади судии и јавни обвинители, како и за студентите кои планираа активно да бидат активни во областа на владеењето на правото, за да се запознаат со антикорупциските политики, нивната ефективна имплементација и како секоја од институциите може да придонесе во борбата против корупција.

Учесници на овој настан беа млади судии и јавни обвинители, вработени од ДКСК и ДЗР, други релевантни институции и студенти.

Романија

## Завршен настан

На 29 -ти јули 2021 година, Експертскиот форум одржа завршен настан онлајн за проектот на кој беа вклучени различни засегнати страни кои учествуваа во проектните активности.




Најпрво беа презентирани резултатите од проектот, а потоа беа доделени наградите во врска со натпреварот во јавно говорење. Овој настан беше можност да се дискутира со учесниците за главните предизвици со кои ЕУ се соочува.

Cezara Grama, проектен координатор во Експертски форум направи кратка презентација за проектот, активностите и резултатите.

Maria Cezar, тренер за млади во Експертски форум, потоа го претстави концептот на натпреварот за јавно говорење организиран како дел од проектот и ги претстави членовите на жирито. Членовите ги дадоа своите мислења за учесниците и нивните презентации.

Andreea Rusu, извршен директор на Центарот ФИЛИА, феминистичка организација во Романија и Monica Loloiu, дел од Политичкиот оддел при претставништвото на Европската комисија во Романија се приклучија на настанот и кратко зборуваа за тоа колку се

импресионирани од говорите на учесниците и одговорноста со која тие ја адресираа оваа задача за да идентификуваат прашања важни во нивните заедници, но најважно од сè е решението кое е идентификувано.

Тие заклучија дека многу од идентификуваните прашања ги засегаат заедниците низ Романија, но и низ Европа и дека е важно активно да се вклучат како граѓани

Настанот продолжи со доделување награди на натпреварот и победниците на натпреварот. Беа доделени и награди на жирито за најдобри решенија, најдобар повик за акција, најдобри аргументи и најдобра изведба на говорот.

Следно, учесниците на натпреварот зборуваа за тоа како беше да се биде дел од овој натпревар и за процесот на свесност за прашањата што ја засегаат заедницата и обидот да се разбере процесот на донесување на одлуки на локално, национално или на ниво на ЕУ, за да може да се идентификува реално решение.

Funded by the European Commission

**Проектот е финансиран од Европската комисија. Секој став изнесен во овој документ ги одразува ставовите само на авторите и Европската комисија не може да биде одговорна за било каква употреба од информациите содржани овде.**